**Ново срце**

**Неделен Христијански Интернет Билтен** **Година IV. бр. 120, Дата: 27. 02. 2012.**

# Морков, јајце или кафе !?

*„...се фалиме и во неволјите, знаејќи дека неволјата раѓа трпение,трпението - искуство, а искуството - надеж; а надежта пак не разочарува...“* ***(Римјани 5:3-5)***




Ќерката доаѓа кај својата мајка и видно вознемирена ѝ вели: Јас вака повеќе не можам. Животот ми стана пекол, проблем до проблем, немаме никакво разбирање еден за друг, јас вака повеќе не можам да живеам. Мајката мудро ја сослушала и ја повела во кујната. Во три сада со вода, ставила: морков- во едниот, јајце -во другиот и зрна кафе-во третиот сад. По дваесеттина минути вриење, ги извадила од садовите и ја прашала ќерка си, за тоа, каква промена забележува. На ова ќерката не реагирала и запрашала за што всушност станува збор. Мајката одговорила:

**Морковот** е видно омекнат откако поминал низ состојба на вриење и претставува парафраза на тврдото срце на човекот, кое Бог дозволува да помине низ тешкотии во животот, „како низ оган“, со цел да омекне и да започне да гради карактер на кротост, трпение, долготрпеливост ... карактер кој ќе благовести мир околу себе, наместо немир и расправии.

**Јајцето**, низ истата состојба стврднало, како парафраза на кршливата душа на човекот и на карактер кој реагирал бурно и на најмала ситница или недоразбирање, со состојба во која Бог дозволува проблеми и турболенции, „како низ оган“, со цел да го зајакне и зацврсти карактерот на човекот, да се зацврсти неговата надеж во Господа и човекот да стане отпорен на ситуациите кои му носеле нелагодност и немир во животот.

Но, кај зрната кафе, се случило обратното. **Кафето**, не само што не се променило, туку тоа ја променило состојбата на водата, и ѝ дало пријатен вкус и арома. Оваа состојба е парафраза на карактер кој веќе е изграден на вистинските основи, на вредностите и принципите на Библијата; состојба на стабилен карактер, кој знае да се соочи со животните предизвици; состојба на стекнато искуство во практикување на верата и надежта во Бога. Таа е посакуваната состојба, до која секој од нас може да дојде, но само на Библиските основи.

Сакам да ви порачам, при секое следно пиење на вашето омилено кафе, сетете се на поракага од овој пример и обидете се да ја примените Библиската инструкција за промена на карактерот на подобро, и нема да зажалите. Таа промена ќе ви го олесни животот и ќе ви ја зајакне надежта дека за секој проблем има решение на трајна основа, докажано и потврдено решение, кое го носи со себе *„мирот Божји кој го надвишува секој човечки ум“* (Ев. по Јован 14:27)



**Автор: Д-р Љупчо Ристовски од Скопје**

(текстот е извадок од кн. „Најдоброто за Македонија“, стр.48-49 и е користен со одобрение.)

**Адреса: „Ново Срце“, П. Фах 135, Неготино, 1440. Е-пошта : nov6osrce1@gmail.com**